# НОВО СРЦЕ

**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 102, Дата: 17. 10. 2011.**


## ХРАБРОСТ

***“Дај им на Своите слуги смелост, да ја проповедаат Твојата порака“ (Дела 4:29)***



Во животот премногу размислуваме, се грижиме и се плашиме за работи кои се немаат случено и веројатно никогаш нема да се случат. Нашите мисли ни бегаат од контрола. Нашите глави се полни со негативни сценарија, кои немаат реална основа. Сите сакаме да се чувствуваме сигурно. Но, најдобрите животни искуства се случуваат кога не мислиме само на сигурноста, туку поаѓаме напред кон она што вистински го сакаме и она што е исправно, без разлика на ризикот и можните последици. Тоа се нарекува **храброст**.

Во контекст на она што е напишано погоре, може да се добави дека храброст значи- да го кажеш или направиш тоа што е исправно, иако си свесен за ризикот и последиците.
„Храброста не е непостоење на стравот, туку отпор кон стравот, надвладување на стравот.**“**
За жал, многумина дозволуваат стравот да надвладее, наместо тие да го надвладеат него.
Не се спремни да излезат од сигурноста и од удобството, и да превземат ризик.



Еден човек отишол на лекар и му дијагностицирале рак во телото. Докторот му кажал дека му останува уште два-три месеци за живеење. Набргу потоа, некој крадец решил да ја ограби блиската продавница и притоа настанала ситуација со заложници. Човекот кој бил болен од рак, знаејќи дека неговиот живот наскоро ќе заврши и нема што да загуби, решил да отиде во продавницата и да ги ослободи неговите соседи. Влегол храбро и се втрчал кон крадецот. Изненаден од храброста на напаѓачот, крадецот го фрлил оружјето и се предал.

Градот го прогласил овој човек за херој. Ваквиот непредвиден исход, уште повеќе го охрабрил и тој решил да волонтира и во други ризични ситуации, правејќи добри дела.

Но, после неколку месеци се случило нешто неочекувано. Од болницата стигнал извештај дека неговите резултати биле помешани со други и се испоставило дека тој воопшто не е болен од рак. Сега тој повторно го имал своето здравје, но ја загубил храброста, со која спасил толку многу животи, и давал пример за другите.

Овој човек бил храбар се додека сметал дека нема што да загуби и дека ништо не ризикува. Како што кажавме погоре, храброст е да го направиш тоа што е исправно, наспроти ризикот од последиците. Но некои работи се вредни за да ризикуваме и да се соочиме со можни последици. Токму таквото сознание може да ни даде храброст.

И христијанскиот живот понекогаш бара храброст. Потребна е храброст да одлучиш да живееш чесен и праведен живот, во овој нечесен и зол свет; потребна е храброст, да се спротивставиш на неправдата, неморалот, корумпираноста, нечовечноста...

Во некои земји, каде што христијанството е забрането, потребна е храброст и да исповедаш дека си христијанин и да не се одречеш од Спасителот Исус и покрај сите закани. Затоа пак, од Господ Исус постои ветување: *„секој што сака да си го зачува животот само за себе-ќе го загуби; а тој што ќе го загуби животот заради Мене-ќе го спаси.“* (Лука 9:24)

**Дали си храбар само затоа што мислиш дека нема што да загубиш, или си храбар затоа што знаеш дека е вредно тоа, поради кое ризикуваш?**


**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**